УДК 821.163.3-5

**Камелија Левенска**
Поранешна студентка на
Катедрата за македонски јазик

Почитувани присутни, драги професори, студенти, колешки и колеги,

Честитајќи ја 75-годишнината од востановување на Катедрата за македонски јазик, дозволете ми да ја изразам својата благодарност за укажаната чест да се обратам пред вас, на овој Свечен час, токму годинава кога одбележуваме и 100-годишнина од раѓањето на Блаже Конески.

Се гордеам што студирав на Катедрата за македонски јазик, којашто Блаже Конески ја основал и водел и што мојата алма матер го носи неговото име.

Овој свод ги чува моите студентски спомени напоени со убавина. Мојата, тука ткаена и везена руба ме подготви за живот со јазикот и зборот, за меѓусебна поддршка и разбирање, чување со полно почитување и предаденост, без предавство.

Не избираме во кој народ или во кој јазик ќе се родиме. Јас сум горда што македонскиот јазик ме избрал мене за негов говорител но и гласник, а токму тоа што студирав на Катедрата за македонски јазик е една од моите предности во деловниот свет.

Денес, на средбата на генерации, тука ми се дел од професорите, асистентите и колешките – сега професори, професорки и на раководни позиции. Ги нарекувам чувари на јазикот, нескриено им се радувам на континуитетот во заложбите и искрено се надевам на отворање поголема соработка со деловниот сектор.

Зад себе имам триесетгодишна успешна кариера во областа на маркетингот и односите со јавност, но јас сум, пред сè, вљубеник во зборот и македонскиот јазик, и тоа најточно ме дефинира. Можеби затоа што мојот прв роденденски дар – едицијата книги од десет македонски поети издадена во 66-тата, како десет наречници ми ја одредиле иднината. Првата во нив е токму – СТЕРНА.

Пред 36 години, со мојата љубов кон јазикот, како со развиорено знаме, за првпат втрчав во оваа аула и со широка насмевка се запознав со неа... и таа и јас, полни трепет и очекувања.

По завршувањето на студиите, го прифатив предизвикот на деловниот свет и се обликував низ учење со практична работа и обуки од странски маркетинг и експерти за односи со јавноста, формирајќи ги и првите сектори за маркетинг и за односи со јавноста во дел од нашите компании, со внимание кон општествената одговорност, почитување на македонските културни вредности и нашиот културен идентитет, свесна дека токму јазикот е огледало на целокупниот поимен свет на културниот идентитет, а комуникацијата движечка сила за негово чување и развој.

Темелот на мојата кариера, можев да го создадам единствено тука, каде што се учат најдобрите особини на јазикот и каде што се стекнува сродство со зборот низ оснознавање на сите негови димензии, нијанси и точни мери и каде што низ море од литература и дискусии, окото и увото се навикнуваат на полнозначност и убавина на кажаното и напишаното.

Последниве триесетина години многу нешта се променија: технологијата го претвори светот во глобално село, медиумите се носат в џеб, информацијата стана достапна на допир, влегувајќи во 21 век нè понесе ерата на комуникации.

Денес успехот на секоја деловна компанија се мери со успехот на нејзината комуникација. Технологијата ги води промените, но таа е во служба на пренесување на пораката.

Зборот и натаму е најмоќно орудие и оружје кое „и со шепот цели“.

Тој треба да се чува и да не се пушта „како необучен коњ што знае да каса, да клоца, да мава“.

Но, и притоа, да се навлезе во неговата широка човечка и очовечувачка природа, имајќи на ум дека сè се прави од човекот за човекот.

Според мене, секој што умее да патува низ богатите предели на јазикот и зборот, нема да заталка на мапата на ниту една дејност. Умешноста за креирање содржини и нивно правописно и правоговорно изнесување ќе е секогаш и секаде негова предност. Мајчиниот јазик и *стерната*, се богатство што се носи, сè друго е вештина и може да се научи.

Со пиетет и благодарност кон Блаже Конески – патронот на нашиот Факултет, којшто ни ги отвори и портите за достоинствен влез во светот на модерната цивилизација, на наставно-научниот кадар, но и на сите нам, пожелувам...

– да гргне стерната и да ги наполни сите суводолици низ нашето работно секојдневие, та да ни се наполни Факултетот студенти за нови радости и гордости, за достинство.

А, таа, да се стиши и успокои во ширината....

Камелија Левенска

Магистер по култура и медиуми

Експерт за маркетинг и односи со јавноста

Дипломира на Факултетот „Блаже Конески“ на Катедрата за македонски јазик во1989 год.

Својата кариера од 1990 г. ја гради во сферата на деловниот сектор, во областа на маркетингот и односите со јавноста во домашни и меѓународни компании, каде што внесува посебен белег во комуникацијата меѓу брендовите и јавноста, промовирајќи ги вредностите и предностите на македонскиот јазик. Од 2009 е директор за комуникациска стартегија и маркетинг при Државна лотарија.